Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Факултет за информатички науки
и компјутерско инженерство
Бр. 09-259/1
16.02 2024 год
Скопје

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 февруари 2024 година, даде

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатика“ на Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатика“ на Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација на студиската програма „Информатика“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.08-535/7 од 1.11.2023 година, од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се обрати со барање бр.03-1568/1 од 2.11.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1397/1 од 2.11.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатика“ на Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1397/2 од 6.11.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 7.11.2023 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-1397/3 од 20.11.2023 година, во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Информатика“ на Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-769/ 4
13 февруари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Фатмир Битиќи

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Malqi, помошник раководител на сектор
Согласен Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-5524/3
03.07.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
Бр. 09-1214/1-2
03.07 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24, 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јуни 2026 година, дава

## РЕШЕНИЕ
### за почеток со работа на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-536/7 од 1.11.2023 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави Барање бр.03-1568/3 од 2.11.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-1398/1 од 2.11.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1398/2 од 6.11.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 7.11.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-1398/3 од 20.11.2023 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* „Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.07.2026 15:04 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7486c983-d5d5-4f97-8428-19f3b9ad7ce6&materialId=8f06b64a-91f3-4752-b922-671e1fa7ef61 |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение.

**Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2026.07.03 08:13:39 +02:00

Подготвил: Даниела Давитковска, 01.07.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 02.07.2026
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 02.07.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 02.07.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.07.02 22:07:43 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.07.2026 15:04 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=7486c983-d5d5-4f97-8428-19f3b9ad7ce6&materialId=8f06b64a-91f3-4752-b922-671e1fa7ef61** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*